РепубликаСевернаМакедонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. _______________
____________2023 година
С к о п ј е

# ЗАПИСНИК
## Од 426-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден 29.12.2022 година – четврток во салата за седници со почеток од 10 часот.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Мирјана Радевска Стефкова**, Член на Советот
- **Ханиф Зендели**, Член на Советот
- **Зоран Герасимовски**, Член на Советот
- **Мери Радевска**, Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот
- **Ивица Николовски**, Членна Советот
- **Сашко Георгиев**, Членна Советот
- **Мирсад Суроји**, Членна Советот
- **м-р м-р Миљазим Мустафа**, членна Советот
- **Павлина Црвенковска**, Членна Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Членна Советот
- **м-р Селим Адеми**, Заменик претседател и членна Советот

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд
- **д-р Никола Тупанчевски**, Министер за правда

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секратар
- **Љубиша Арсиќ**, Државен советник
- **М-р Сања Михајловски**, Помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста и на неа присуствуваа:

- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева.

Претседателот на Советот, Весна Дамева најнапред го изрази своето задоволство и наведе дека ова е значајна седница од причина што отпочнува имплементација на сите претходно донесени подзаконски акти за оценување, рангирање и се она што се однесува по однос на избор на судија во повисок суд и Претседатели на судови. Укажа дека овој процес неспорно се одолговлекувал, дел од објективни причини, меѓутоа истиот се финализирал и се отпочнува со избори, како што наведе согласно подзаконските акти.Понатаму истакна дека ќе следи завршување на овој процес во најскоро време со што ќе биде извршен избор и унапредување на сите судии, Претседатели на судови за кои што беа претходно распишани огласи.

Во продолжение откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 426-та седница, со предлог истиот да се измени.

Претседателот на Советот, Весна Дамева отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред.

За збор се јави Членот на Советот – судија Сашко Георгиев.

По однос на изборот на Претседател на Основен суд Тетово, согласно точка 1 од Дневниот ред, имајќи предвид дека на ден 21.12.2022 година, од страна на Судскиот совет посочи дека била формирана Работна група во која тој како координатор, колешката  м-р Тања Чачарова Илиевска и колегата Мирсад Суроји, биле во Работна посета на Основен суд Тетово, каде меѓу другото биле разгледани предмети од граѓанска и кривична област каде што следи изготвување на Извештај.Изработката на иситот е во тек, па имајќи предвид дека на оваас седница е избор на Претседател на Основен суд Тетово предложи дека е поцелисходно оваа точка да се одложи односно да се повлечеод Дневен ред како би можела да се стави на наредната седница бидејќи очекува дотогаш Извештајот да е подготвен.

Претседателот на Советот Весна Дамева по однос на истото наведе дека под точка 2 во материјалите - доставената покана бил предложен избор на судии во Апелациониот суд Гостивар, нозаденешниот дневен ред не го дала овој предлог од причина што има процесен пропуст поради кој сепак треба да биде повлечена и да не биде ставена како точка на дневен ред, а тоа е согласно член 12 став 3 од Правилникот за рангирање на кандидати во повисок суд.Додаде дека Советот сеуште нема информација дали се примени образецот, записникот и предлог ранг-листа од страна на судиите и истите имаат право на правен лек што значи дека во овој момент Советот не е подготвен за одлучување, но на наредната седница појасни дека истото ќе биде ставено, па ќе има континуитетзаедно со другите избори.

Се отвори дискусија по однос на ова прашање.

За збор се јави Членот на Советот – судија Лорета Горгиева.Истата наведе дека таквиот предлог нема никаква издржаност и е сосема неосновано. Не гледа ниту една пречка од причина да денес се одлучува по сите предмети. Без оглед на тоа дали за контрола на некој суд е во тек изработка на Извештај од редовна контрола, освен ако колегата - член, со оглед да не била запознаена со работата на Комисијата и на Координаторот предочил нешто сомнително во работата на Претседателот. Инаку не смета дека има такво нешто. Додаде дека станува збор за редовна контрола, па оттаму навееде дека не би било проблем да денес Судскиот совет одлучува за избор на Претседател.

За збор се јави Заменик претседателот м-р Селим Адеми.Истиот наведе дека секој суд си има координатор и да се цени предлогот на координаторот. Смета дека е подобро да се почека и посочи предлогот на координаторот да биде прифатен.

За збор се јави Членот на Советот – судија Сашко Георгиев. Истиот појасни дека предмет на посета е не само да се согледа работата на Претседателот на судот туку и на самиот суд. Целисходно е доколку се има претстава за работата на судот во минатиот период.

За збор се јави Членот на Советот – м-р Тања Чачарова Илиевска.Наведе дека како член на работната група се согласува со предлогот на координаторот, а на колешката која наведе дека не ја знаела причината за повлекување на точката 2 од предлог Дневниот ред и појасни дека како што наведе координаторот се подготвува извештајот за Основен суд

Тетово кој ќе биде презентиран на седница на Советот така што сите членови ќе бидат запознаени со Извештајот од посетата.

За збор се јави Членот на Советот – судија Лорета Горгиева.Укажа дека со оглед на тоа што е присутна јавноста со цел да не се создаде непотребен сомнеж за работата на Претседателот на судот, од тие причини смета дека не треба да се повлече точката, а со оглед и на тоа што истиот бил и претходно како Претседател и како ВД.

За збор се јави Членот на Советот – судија м-рИвица Николовски.Наведе дека како членови на Судскиот совет се усогласени да се изберат квалитетни судии и Претседатели на судови. Ако целта е избор на кандидати со проверен квалитет целисходно и добро е оваа постапка да почекаме и анализираме, а потоа да пристапиме кон изборот. Поради тоа го почитува предлогот на Претседателот за одлагање на оваа точка.

За збор се јави Заменик претседателот  м-р Селим АдемиПобара од Претседателот на Советот предлогот на Членот Сашко Георгиев да се стави на гласање. Наведе дека Претседателот на судот во Тетово е оценет со 200 поени. Според него бидејќи тоа предлог на координаторот, нема пречка да се прифати неговиот предлог.

За збор се јави Членот на Советот – Павлина Црвенковска.Појасни дека по однос на должината на постапката откако се распиша огласот за избор на Претседател на судот во Тетово, до денот на седницата за прв пат е ставено на седница, што како што посочи  прв пат ќе се избира Престедател на судот согласно новата Методологијата за квалитетно оценување на судии и Претседатели на судови. Досега се бирало со 2 критериума, број на укинати и број на преиначени пресуди. Па во таа насока додаде дека било потребно време да се стави изборот како точка на дневен ред. Овие извештаи со предлог кандидати го поминале филтерот од неколку комисии и тоа првостепена комсиија на Судскиот совет, второстепена комисија на Судскиот совет и сето тоа барало одреден временски период за сето тоа да биде ставено на точка на дневен ред на оваа седница.

За збор се јави Претседателот на Советот – Весна Дамева.Наведе дека е неспорно тоа дека е извршено оценувањето на сите Претседатели и судии за тие кои се ставени за избор како точка на дневен ред, меѓутоа покрај квалитативните и квантитативните критериуми, до денот на нивниот избор

многу важен е и интегритетот, без да се прејудицира што е предметот на посетата во судот, да не се фрла дамка на кој било кандидат. Наведе дека со нејзниот глас нема да овозможи некоја неутврдена состојба да остане недефинирана. Смета дека во извештај за тој единствен кандидат треба да има релевантни фактори при носење на одлуката. Ова е рационален предлог во интерес на интегритетот на било кој кандидат. Предлогот на координаторот е прифалив и за Претседателот на Советот и одлагање за една недела не значи ништо.

За збор се јави Членот на Советот – судија Лорета Горгиева.Посочи да со подржување на таквиот предлог се става доведува во прашање интегритетот на Советот и довербата во судството. Се согласува со ставот на Членот на Советот судија Ивица Николовски дека се потребни податоци за работата на судија од Основниот суд Тетово и е потребно време за правилна слика за Претседателот на судот и таквиот податок е потребен на Советот. Недостасува CV односно професионална биографија за сите кандидати за судии и Претседатели на судови во материјалите за седница.

Потоа, Претседателот на Советот – Весна Дамева предлогот на координаторот на Основен суд Тетово за одлагање на избор на Претседател на Основен суд Тетово го стави на гласање.

Бидејќи системот за гласање не функционира, се пристапи кон гласање со кревање на рака.

Предлогот е усвоен со 11 гласа ЗА и 2 гласа ПРОТИВ.

Се констатира повлекување на изборот на Претседателна Основен суд Тетово, од точка 1 од предложениот Дневен ред.

Претседателот на Советот, Весна Дамева откако се констатира дека никој повеќе не се јави за збор Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.По гласањето констатира дека едногласно, со 13 глаза ,, За “ и ниту еден глас ,, Против“ е усвоен следниот:

## ***Дневен ред***

**1.** Донесување на Одлука за избор на претседатели на судовиво Основен кривичен суд, Основен суд Тетово, Основен суд Ресен и Основен суд Виница;

**2.** Донесување на Одлука за избор на судија на Основен кривичен суд Скопје и избор на судија на Основен суд Штип

**3.** Престанок на судиска функција поради исполнување услови за старосна пензија

**4.** Разгледување на Извештај за повторно оценување

**5.** Расправа по предлог Деловник за изменување на Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**6.** Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд

**7.** Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа: - УПП бр. 301/22, 318/22, 393/22

**8.** Разно

**Точка 1**

**Избор на претседател на Основен кривичен суд Скопје.**

Претседателот на Советот – Весна Дамева ги цитира членовите од член 36 став 1 алинеја 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ и член 47 до член 51 од Законот за судовите, како и подзаконските акти на Судскиот совет на РСМ по однос на формирање на Комисија за навременост на пријавите и за комплетност на документите на каднидатите по објавени огласи, а за констатираната состојба Комисијата изготвила извештај кој бил усвоен на седница на Советот и била донесена одлука постапката за избор да продолжи. Потоа е спроведено вондредно оценување на кандидатите, спроведени биле психилошки тестови и тест за интегритет, како и практичната работа со компјутери за тие кандидати за кои беше потребно согласно законските одредби, при што е изготвен и доставен предлог за избор на кандидати за Претседатели на Основен кривичен суд Скопје, Основен суд Ресен и Основен суд Виница, и на повлечениот Основен суд Тетово. Со оглед на тоа дека е доставен извештај, Претседателот на Советот – Весна Дамева му дава збор на Претседателот на Комисијата м-р Селим Адеми да го образложи.

Членот на Советот – м-р Селим Адеми наведе дека ова е прв избор со измена на законот и новата методологија на оценување. Комисијата на записник констатирала дека за Претседател на Основен кривичен суд Скопје е пријавен еден кандидат - Иван Џолев, судија на Основен кривичен суд Скопје, чија пријава е навремена и комплетна со потребната документација согласно условите во огласот. За констатираната состојба Комисијата поднела Извештај до Судскиот совет на РСМ усвоен на 402 седница одржана на 17.05.2022 година и донесена е одлука постапката за избор на кандидат да продолжи. Ова значи дека втор пат се разгледуваат документите за кандидатот. Прв пат кога се разгледувале документите немало прогрма и CV, меѓутоа услов било да се достави прогрмата, акцискиот план и CV за да се оди во наредната фаза. Ако отсуствувале тие документи, немало да се дојде до наредната фаза за избор. За 402-та седница веќе биле доставени прогрмата, акцискиот план и CV-то. Биле исполнети законските услови кандидатот да биде оценет со позитивна оцена. Судскиот совет при вонредно оценување на 19.10.2022 година донел решение со кое кандидатот го оценил со позитивна оцена со 200 бодови. Бидејќи оцената е позитивна постапката продолжува понатаму. Понатаму Комисијата на записник 07.11.2022 година констатира дека кандидатот Иван Џолев, судија на Основен кривичен суд Скопје треба да спроведе психилошки тест и тест за интегритет. Овие тестови се спровеле на 15.11.2022 година во просториите на Агенцијата Виста, по што од Агенцијата била донесена одлука дека истиот ги исполнува условите да биде Претседател на суд. По однос на тестирањето за познавање на практична работа со компјутер, комисијата констатирала дека кандидатот Иван Џолев е избран за судија на Основен кривичен суд Скопје на 26.08.2008 година, а за кандидати избрани пред 26.11.2010 година согласно законските измени не треба да се прави проверка за познавање на практична работа со компјутер, по што Комисијата донесе заклучок да не се спроведе проверка за познавање на практична работа со компјутер кандидатот Иван Џолев. Потоа следувало интервју со кандидатот, каде истиот ги образложил и програмата и акцискиот план за период од 4 години.

За збор се јави Претседателот на Советот – Весна Дамева и наведе дека се работи за еден од најголемите судови во државата и е жално зошто се јавил само еден кандидат за Претседател на судот односно нема мотив кај дургите судии да се кандидираат за Претседател на суд. Бидејќи единствениот кандидат ги исполнува условите се пристапува кон избор на Претседател за Основен кривичен суд Скопје, а потоа согласно член 51 став 3

од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член треба да ја образложи својата одлука за начинот на гласање.

За збор се јави Членот на Советот – судија Лорета Горгиева. Наведе дека се согласува со образложението на Членот на Советот – м-р Селим Адеми, меѓутоа наведе дека е пропуст за седницата што во материјалите за седница не биле ставени професионалните биографии на никој од кандидатите, иако биле доставени на увид на комсијата, бидејќи се потребни причини за избор на некој судија или Претседател на суд односно потребни се мтаријали кои ќе може да се образложат од кои причини се гласа за одреден кандидат.

Претседателот на Советот – Весна Дамева наведе дека седницата била закажана согласно законскиот рок од 7 дена и во тој рок врз основа на Регистарот на судиите, досиејата на судиите, членот на Советот е должен доколку не се испитани доволно сите факти и нема констатирано одредена состојба по однос на биографските податоци истото треба да се провери.

За збор се јави Членот на Советот – судија м-р.Ивица Николовски.Се обрати на членовите и на јавноста дека ги имале на увид сите документи за постапката на избор, но од друга страна земал право за оваа точка од Дневниот ред да биде одговорен и објективен. Наведува дека кандидатите ги имаат сите потребни документи односн истите се прибавени.

За збор се јави Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова.Истакна дека во рамките на гласањето на предложениот кандидат е неспорно дека од страна на ССРСМ е донесено решение, врз основа на Извештај на Комисијата пришто кандидатот е оценет со 200 бода, па побара претседателот на Комисијата да се образложи од што произлегуваат бодовите.

Членот на Советот Ханиф Зендели образложи дека процесот е сложен, со цел да се дојде до добиените 200 бодови. Секој претседател и судија се следи постојано. Во решението се наведени сите податоци како е добиен тој резултат. Комисијата имајќи ги предвид квалитативните и квантитативните критериуми, се доаѓа до резултатот. Материјалот е голем, па со цел да не се обременува седницата и да се чита решението, образложи во кратки црти.

Со оглед на тоа што се исцрпи точката од дневниот ред и не се јавија за расправа се пристапи кон Избор на претседател на Основен кривичен суд

Скопје на судијата Иван Џолев. Претседателот го стави предлогот на гласање.

Со 13 гласа -„За“ го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас. Со 5 гласа - „За“, кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, “ и е донесена следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**

За претседател на Основниот кривичен суд Скопје е избран:
**Иван Џолев–**судија на Основниот кривичен суд Скопје

Претседателот на Судскиот совет на РСМ истакна да согласно одредбите од чл.51 ст. 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ секој член на Советот со право на глас е должен да ја образложи усно својата одлука.

**Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова** по однос на својот глас ,,ЗА‘‘ истакна дека гласала за избор на Иван Џолев за претседател на Основниот кривичен суд Скопје бидејќи се работи за долгогодишен судија, веќе и имал еден мандат, согласно добиените оценки, извештаи и слично покажува дека добро го менаџира судот и треба да му се даде довербата.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** по однос на својот глас истакна дека согласно сите прибавени податоци, покажа дека ќе се потруди дека и понатаму ќе го води добро судот како и досега, со оглед дека е еден од поголемите судови и дека работењето на судот ќе биде транспарентно.

**Членот на СоветотЗоран Герасимовски** по однос на својот глас истакна дека и во претходниот мандат, како и довербата која му е дадена за овој мандат покажува и ќе покаже дека добро го менаџира судот. Воедно, согласно тоа што доаѓа како второстепен судија самиот истакна дека ја следеле и порано неговата работа како првостепен судија, а во самото интервју дал задоволителни одговори по однос на истакнатите прашања.

**Членот на Советот Мери Радевска** по однос на својот глас истакна дека како единствен кандидат треба да биде избран, со оглед да веќе бил претседател, во судството е од 2008 година, а последниот период, особено

минатата година судот дошол до степен да биде ажурен што очигледно се должи на доброто менаџирање.
**Членот на Советот Лорета Горгиева** по однос на својот глас истакна дека се надоврзува на претходните колеги, даде акцент на умешноста на кандидатот добро да ги менаџира односите во судот, што е особено тешко за еден така голем суд.
**Членот на СоветотИвица Николовски** по однос на својот глас истакна дека кандидатот ги поминал сите филтри за избор, објективните критериуми се мерливи и докажани, додека субјективните се по неодредени, а смета дека не постои нешто што би го одредило карактерот на одреден кандидат, но од севкупното искуство се покажало дека има добро искуство со истиот.
**Членот на Советот Сашко Георгиев** по однос на својот глас истакна дека кандидатот имал најмногу бодови, а и до сега дека добро го менаџирал судот и ја вратил транспарентноста.
**Членот на Советот** Мирсад Суроји по однос на својот глас истакна дека гласал ,,За" имајќи предвид дека се работи за долгогодишен, истакнат судија, а и согласно се она што било разгледано од Комисијата, а се надоврза и на транспарентноста на судот.
**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** по однос на својот глас истакна дека својот глас го дал од причини како претходно наведеното, а истакна дека судот го раководел во исклучително тежок период, со недостаток на кадар, зголемен обем на работа, добро раководење на судот и слично.
**Членот на Советот Павлина Црвенковска** по однос на својот глас истакна дека по долготрајниот процец, со оглед кога е објавен огласот, денска прв пат се бира кандидат, согласно новата методологија чијашто цел е да се намали субјективниот елемент при избор на судија, за сметка на еден објективен критериум кој се должи на тоа што е поминат филтерот на Комисија составена од 5 судии на повисокиот суд, Комисија на Судскиот совет – првостепена и второстепена, така што добиените 200 бодови се врз основа на квантитативнуиот и квалитативниот критериум, а и со директен увид на наговата работа. Ја истакна нејзината заложба изминатиот период со цел да дојде до примената на новата методологија и објективните критериуми, со цел Советот да нема дилема при вршењето на изборот.
**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** по однос на својот глас истакна дека оправдано кандидатот ја добил довербата, пред се како долгогодишен судија, но и претходното искуство како претседател и вд претседател, добиените извештаи и информации од редовните и вoредните контроли на судот, системот за управување со предмети кое досега е

успешнп, квалитетот и залагањето на овој кандидат. Се согласи со се претходно истакнато од другите колеги.

**Членот на Советот**, **заменик претседателот м-р Селим Адеми** по однос на својот глас истакна дека досега знаел да раководи со судот, врз основа на претходното искуство. Добиени се сите бодови, но без оглед на математиката и добиените бодови, треба да се земат сите параметри без оглед на добиените бодови.

**Претседателот на ССРСМ, Весна Дамева** истакна дека процесот до изборот бил макотрпен, но судиите сега сами учествуваат во изборот, преку оценувањето кое го вршат, истакна благодарност до нив, бидејќи вложен е дополнителен напор да се заврши постапката, но и благодарност до Комисиите за изготвениот извештај. Како 3 годишен координатор на овој суд има со што да се гордее, почнувајќи од 2020 година, следејќи го текот на работата на конкретниот суд, намалени се старите нерешени предмети, сведување на бр.на застерените предмети, интегритетот е најважен, а за конкрениот кандидат нема забелешки, судот е отчетен и транспарентен, еден од ретките судови. Јавноста заслужува образложение, со преполовени човечки ресурси и намален број на судии постигнати се солидни резултати. Даде апел час поскоро да се преземат активности по однос на старите предмети.

Констатира дека се преоѓа кон **Избор на претседател на Основниот суд Ресен,** со оглед на тоа што за овој суд има еден кандидат – Емељ Кранли Али.
Даде збор на претседателот на Комисијата да елаборира по однос на Извештајот на Комисијата.

**Претседателот на Комисијата, членот на Советот и заменик претседателот м-р Селим Адеми** истакна дека постапката за избор е иста, како и за претходниот кандидат, спроведено е оценување, судијата е оценет со максимален број на бодови, исполнува услови, претседател е од 2017 година, а моментално е ВД. Програмата и акциониот план се образложени и во самоти интервју.

Претседателот на Советот откако констатира да на расправата која ја отвори, не се јави никој за збор се пристапи кон Избор на претседател на Основен суд Ресен, за кандидатот Емељ Кранли Али и предлогот го стави на гласање.

Се констатира дека со 13 гласа -„За“ - едногласно кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас, врз основа на што се донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВНИОТ СУД РЕСЕН**

За претседател на Основниот суд Ресен е избрана:
**Емељ Кранли Али–**судија на Основен суд Ресен.

Во продолжение, секој од членовите согласно одредбите од чл.51 ст. 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ пристапија кон образложување на својата одлука.

**Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова** по однос на својот глас истакна дека гласала за бидејќи веќе успешно кандидатот раководел со судот, согласно тоа што претходно имало проблеми во тој суд, се додека кандидатот не почнал да раководи со тој суд, земајќи ги предвид и високите бодови кои ги добила.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** по однос на својот глас истакна дека судијата покажал добро раководење на судот, а гласот е даден со цел и да продолжи во таа насока да го менаџира судот.

**Членот на СоветотЗоран Герасимовски** по однос на својот глас истакна дека судијата има доволно интегритет, а се надева и дека во иднина ќе продолжи успешно да го менаџира судот.

*Седницата се прекина со оглед на тоа што снема струја, па со оглед на истото Претседателот на Советот даде пауза во 11.10 минути.

*Седницата продолжи во 12 часот во насока на образложување на гласовите ,, ЗА“ по однос на одлуката за избор на претседател на Основниот суд Ресен.

**Членот на Советот Мери Радевска** по однос на својот глас истакна дека гласала ,,ЗА“ бидејќи се работи за судија со подолг стаж, покажала добро менаџирање на судот и смета дека има јасни ставови за многу прашања и одговара за оваа позиција.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** по однос на својот глас истакна дека добро е што со овој суд иако е мал функционира и нема проблеми. Изрази честитки.

**Членот на СоветотИвица Николовски** по однос на својот глас истакна дека има претходно искуство, како судија и претседател и испорачани се задоволителни резултати.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** по однос на својот глас истакна дека согласно увидот од материјалите, има најголем број за бодови, работела и има искуство како претседател и смета дека и понатаму ќе продолжи одговорно да работи, а воедно за пофалба е истакна што и покрај тоа што е претседател работела и паралелно како кривичен судија.

**Членот на СоветотМирсад Сурoји** по однос на својот глас истакна дека следењето на работата на кандидатот, успешно работела, давала и допринос со работа како судечки судија по поднос на кривични предмети, била ажурна и успешно досега го менаџирала судот.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** по однос на својот глас истакна дека нема проблеми кои го следат овој суд, добро раководела со судот и се надева и дека во иднина така ќе продолжи…

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** по однос на својот глас истакна дека досега овој кандидат покажала резултати со личен ангажман како судија, со самото менаџирање, па ја заслужува довербата за претседател на овој суд.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** по однос на својот глас истакна дека успешно овој кандидат ја извршувал оваа функција, па смета дека и во иднина ќе продожли во таа насока.

**Членот на Советот**, **заменик претседателот м-р Селим Адеми** по однос на својот глас истакна дека кандидатот добро раководел со судот досега.

**Претседателот на ССРСМ, Весна Дамева** истакна дека изминатите 4 години се справи со бројни предизвици, ковид кризата, човечките ресурси со кои разполага судот, самите бодови кои се максимални допринесоа за да да се даде гласот за.

Констатира дека се преоѓа кон **Избор на претседател на Основниот суд Виница,** со оглед на тоа што за овој суд има двајца кандидати, а врз основа на претходно изготвен извештај .
Даде збор на претседателот на Комисијата да елаборира по однос на Извештајот на Комисијата.

**Претседателот на Комисијата, членот на Советот и заменик претседател на Советот м-р Селим Адеми истакна дека** двајцата кандидати ги исполните условите за постапката да продолжи, се спровело и вонредно оценување. Имено, кандидатот Сузана Спасова добила 200 бодови, додека кандидатот Катерина Цоневска 195,13 бодови. Во делот на условите за интегритет, тестот е успешно положен, на самото интервју дале задоволителни одговори. Законот не предвидува ранг листа, туку се бара само дали има позитивна ОЦЕНА. Па од тие причини и бил на размислување дали воопшто да се наведуваат бодовите, со оглед на тоа не налага законот така, или пак да се оди редоследно по азбучен ред по доставувањето на пријавите.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** отвори РАСПРАВА

Зема збор членот на Советот **Мери Радевска** која истакна да редоследот на гласање треба да се определи и тоа би требало да е по број на бодови, иако двете кандидати се добри со солидни и квалитетни програми. Смета дека кандидатот со 200 бода има предност да се гласа прво за неа.

Се надоврза членот на Советот **Лорета Горгиева** не се согласува со претходните предлози. Имено кандидатот со најголеми бодови ќе додје напред па следствено другите кандидати. Смета дека за овој и сите наредни листи и избори да се оди по азбучен ред, а не по бодови. Бидејќи ако би се одело по бодови практично тоа би значело дека некој има предност и како да се прави ранг листа што не е предвидено во закон. Додаде дека двајцата кандидати се исклучително добри судии.

**Членот на Советот и заменик претседател м-р м-р Селим Адеми**додаде дека сака да е транспарентен, а од причини што законот не предвидува ранг листа.. Истакна дека кандидатот К.Цоневска е прва, иако има помалку бодови, со цел да не произлезе дека комисијата била наклонета кон некого.

**Претседателот на Советот Весна Дамева**додаде дека треба едногласно да се согласат со Комисијата – членовите. На размислување е истакна дека можеби подобро е по азбучен ред по презимето, онаму каде нема рангирање.

**Ивица Николовски, член на Советот** зема збор и изкажа согласност со погореизнесеното, но кога се настанува судир со вакво прашање треба да се завземе став во случај кога има повеќе кандидати, дали ќе се рангира по број на бодови или азбучен ред. Субјективно размислува дека бодовите секако се земаат во предвид, но листата да биде по азбучен ред.
**Членот на СоветотЛорета Горгиева**во свој збор укажа дека е потребно да се запази начинот на кој досега се постапувало, да се запазат законските одредби и процедурата, практиките при избори и друг вид на работа, новини надвор од сето тоа укажа дека не се од корист.

**Членот на Советот и заменик претседател м-р  м-р Селим Адеми**истакна дека не се менува пракса, туку само е потребно да се завземе став заеднички.

**Претседателот на Советот** истакна да се оди по азбучен ред, на што беа согласни и останатите. Укажа кога ќе се изготвуваат извештаи да се оди на тој начин.

**Членот на Советот Сашко Георгиев**  се надоврза и истакна дека се работи законски, има видлива разлика како се рангираат кандидатите во позитивна смисла.

**Членот на Советот и заменик претседател м-р  м-р Селим Адеми**смета дека во континуитет се работи законски. Но во одредени случаи различно се толкува законот. Па според тоа да се направи заклучок да на кој начин да се пополни ранг листата.
Претседателот на Советот даде предлог да се донесе заклучок, Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидати по објавени огласи за избор на претседатели и судии во судовите на РСМ при изготвување на извештај со предлог кандидати, во иднина во случај кога нема облигаторна обврска согласно законските одредби да се рангираат кандидати според број на бодови, рангирањето односно внесувањето во табелите на кандидатите да се врши согласно азбучен ред по презимето.

**Членот на СоветотЛорета Горгиева**се јави за збор и укажа овој заклучок треба да се однесува за понатаму, а за конкретниот случај да се оди по листата и начинот на кој е објавена во овој момент.

За збор се јави **членот Ивица Николовски** кој истакна дека всушност претседателката истото го укажала.

Претседателот на Советот по завршување на расправата, предлог-заклучокот го стави на гласање. Со 13 гласа ,,За" и ниту еден ,,Против" е донесен следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидати по објавени огласи за избор на претседатели и судии во судовите на РСМ при изготвување на извештај со предлог кандидати, во иднина во случај кога нема облигаторна обврска согласно законските одредби да се рангираат кандидати според број на бодови, рангирањето односно внесувањето во табелите на кандидатите да се врши согласно азбучен ред по презимето.**

**Претседателот на Советот** откако констатира да на расправата која ја отвори, никој од присутвите не се јави никој за збор предлогот за Избор на претседател на Основен суд Виница на кандидатотКатерина Цоневскаго стави на гласање.

Се констатира дека кандидатот од предлог листата Катерина Цоневска со 3 гласа -„За" и 10 гласа „Против" не го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас, предлогот не е усвоен.

**Претседателот** предлогот за Избор на претседател на Основен суд Виница на кандидатотСузана Спасова го стави на гласање.

Кандидатот од предлог листата Сузана Спасова со 11 гласа -„За" и 2 гласа „Против" го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас и се донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА**

За претседател на Основен суд Виница е избрана:
**Сузана Спасова -**судија на Основен суд Кочани

Секој член на Советот со право на глас даде образложение за својата одлука за избор на претседател како што е предвидено во член 51 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

**Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова** по однос на својот глас истакна дека гласала позитивно бидејќи се работи за кандидат кој добил повеќе бодови, истиот работел на кривична материја, а изборот меѓу двата кандидати истакна дека бил тежок. Смета дека ќе се совлада приливот на предмети и нема да има проблеми при работењето.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** по однос на својот глас истакна дека согласно добиените податоци од извештаите, гласал бидејќи подобро била рангирана од другиот кандидат, па таа нијанса пресудила.

**Членот на СоветотЗоран Герасимовски** по однос на својот глас истакна дека се работи за две исклучително добри судии, нешто што е потврдено и од страна на другите колеги, но бодовите биле пресуди во однос на дадениот глас за избраниот кандидат.

**Членот на Советот Мери Радевска** по однос на својот глас истакна дека смета дека може да се справи со предизвиците да раководи од овој суд, долгогодишен судија од 2005 година.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** по однос на својот глас истакна дека не прави разлика и двете колешки се одлични. Која и да беше избрана немаше да се згреши и со успех ќе го раководи судот. Разлика во 5 бодови е навистина незначајно, додаде.

**Членот на СоветотИвица Николовски** по однос на својот глас искажа дека целта е да се ограничи субјективниот став на членот на судскиот совет. Па во услови кога има два кандидата со примена на оваа методологија на членот му се олесува во однос на тоа на кого ќе се даде правото на глас.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** по однос на својот глас истакна дека гласот е даден врз основа на максималниот број на бодови, иако двете кандидатки се исклучително способни и одлични.

**Членот на СоветотМирсад Сурои** по однос на својот глас истакна дека бодирањето на кандидатот било пресудно како е даден гласот, воедно и поголемиот број на прилив на предмети во однос на завршените.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа**истакна дека гласал против бидејќи во претходните два наврата исто така гласал за другиот кандидат, кој и тогаш не ја добил потребната доверба.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** по однос на својот глас истакна дека станува збор за квалитетни професионалци. Но сепак бодовите смета дека во конкретниот случај биле попресудни.

**Членот на Советот и заменик претседател м-р м-р Селим Адеми**наведе дека ниту досега, ниту во иднина бодовите не значеле.Особено во конкретниот случај согласно интервјуто како и програмата дал доверба и глас на избраниот кандидат.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** во своето излагање истакна дека и двете кандидатки биле одлични врз основа на спроведеното интервју, но сепак дала верба дека избраниот кандидат бидејќи би можело да се смета за поуспешен, согласно и акциониот план и програмата кои ги имал приложено. Двете се избрани за судија иста година, така што искуството неможе да биде предност.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

## Точка 2
## Донесување на Одлука за избор на судија на Основен кривичен суд Скопје и избор на судија на Основен суд Штип

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во материјалите е доставен Извештај со предлог кандидади за избор на судија на Основен кривичен суд Скопје. Истакна дека е избор на судија по хоризонтала и пријавен е само еден

кандидат, целокупната постапка беше спроведена, а Комисијата ги спроведе сите процесни дејствија и се финализираше со донесување на Извештајот. Му даде збор на претседателот на Комисијата.

**Членот на Советот и заменик претседател м-р м-р Селим Адеми**наведе материјалите се доставени за сите членови. Со цел да не се повторува постапката и процедурата, во интерес на времето,станува збор за еден кандидат, а на овој суд му се особено потребни судии. Постапката е извршена врз основа на новата методологија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.**

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека е неспорно дека е еден кандидат е пријавен, она што не може да види од материјалите на која област кандидатот работел претходно и на која област има специјализирано. Побара да се обајасни дали има поминато обуки во кривична област и дали воопшто има работено на таа област. На овој суд наведе дека му требаат судии кои работеле на таа област, со оглед на тоа дека има сознание дека работи на граѓанска материја.

**Членот на Советот Мирсад Сурои** извести дека се работи за долгогодишен судија и истата има работено 4 години кривична материја во овој суд и не случајно конкурура за овој суд.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека има материјали пред седница и секој член треба да се подготви претходно. Кандидатот во два наврати бил делегиран во Кривичниот суд, еднаш прекршочен оддел и еднаш во одделот за извршување на санкции. Долгогодишното работење на овој судија и искуството не бара дополнителни обуки.

**Членот на Советот и заменик претседател м-р м-р Селим Адеми**истакна во материјалите кои биле приложени има доволно податоци.

**Членот на Советот Ивица Николовски** во својот збор истакна дека кандидатот ги исполнува условите. По однос на денешниот кандидат, изјави дека заедно работеле и во граѓански и во кривичен суд, има искуство и резултати од нејзиното работење во кривична материја, искуството во трговски и стечајни спорови многу ќе помогне при постапување во кривична

област. Законските услови треба да се испочитуваат. Нема одредби со кои на овој кандидат му е забрането да аплицира, бидејќи бил судија во Основен суд Куманово.

**Членот на Советот Мери Радевска** се надоврза на претходно изнесеното од членот Николовски и додаде дека Советот не може да цени дали некој е или не е надлежен, бидејќи во последниот период работела на стечајни предмети не значи дека не и е позната кривичната материја, а практично тој услов и не се бара. Недостасуваат судии кои ги знаат економските текови .

**Претседателот на Советот** откако констатира да на расправата никој од присутните повеќе не се јави никој за збор предлогот за Избор на судија на Основен кривичен суд Скопје на кандидатотБранка Наумовска го стави на гласање.

Кандидатот од предлог листата Бранка Наумоска со 11 гласа -„За“ и 2 гласа ,,Против’’го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас. Со 5 гласа - „За“, кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ**
**КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**

За судија на Основниот кривичен суд Скопје е избрана:
**Бранка Наумоска** –судија на Основен суд Куманово.

Секој член на Советот со право на глас даде образложение за својата одлука за избор на претседател како што е предвидено во член 51 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

**Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова** по однос на одлуката истакна дека е долгогодишен судија од 2009 година, за поздравување истакна дека е тоа што работела на кривична материја и трговски спорови.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** по однос на својот глас истакна дека освен тоа што е долгогодишен судија ќе се справи со предизвикот, а тоа што била граѓански судија поголемиот дел од времето не е хендикеп.

**Членот на СоветотЗоран Герасимовски** по однос на својот глас  истакна дека се работи за најголемиот кривичен специјализиран суд и во иднина би ја поздравил ваквата кандидатура и би повикал и други судии од внатрешноста каде има помал обем на работа да се пријавуваат на огласите. А по однос на прашањето на материјата, ја поддржува.

**Членот на Советот Мери Радевска** по однос на својот глас  истакна дека кандидатот ги исполнува условите. Повеќегодишно работно искуство во Основниот кривичен суд и судот во Куманово, смета дека има јасни ставови за многу аспекти.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** по однос на својот глас  истакна дека принципиелно гласала против, не го поддржала изборот е бидејќи доаѓа од граѓанска материја, а она што се случувало претходно кога се барало помош да се делегираат судии, настана ситуација кога искусни кривичари од внатрешноста не успеале во истото.

**Членот на СоветотИвица Николовски** по однос на својотата одлука  истакна дека погрешен е впечатокот на претходно изнесеното од колешката. Смета дека бил спремен да го прифати предизвикот кога го делегирале во кривичен суд. Иако специјалноста му била трговската материја. Својот глас го дал освен што лично ја познавал, туку бидејќи и е во согласност со сите пишани критериуми. Воедно истакна дека е предност што повеќе кандидатот нема да губи во превоз повеќе од 4 часа дневно со што ќе епопродуктивен.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** по однос на својот глас  истакна дека е за почит што работи на двете материи.

**Членот на СоветотМирсад Суроји** по однос на својот глас  истакна дека го радува фактот што тоа што работи на повеќе материи, ваквите судии даваат допринос, особено во ситуација со намален број на судии.

**Членот на Советот  м-р Миљазим Мустафа**по однос на својата одлука истакна дека смета дека е професионална, иако лично не ја познава. Смета дека ќе покажува поголеми успеси.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** по однос на својот глас истакна дека гласала бидејќи е единствен кандидат, а од останатите колеги досега слушала само позитивни нешта. По однос на специјализацијата

претходно споменета, Законот такво нешто не бара. Тој критериум се применува за избор на судии во повисок суд.

**Членот на Советот и заменик претседател м-р м-р Селим Адеми**истакна дека гласал ,,за" бидејќи кандидатот ги исполнувал сите услови согласно законот, а воедно и бидејќи бил единствен кандидат.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** е на истото стојалиште. Бидејќи огласот е одамна распишан, а на овој суд навистина му се потребни судии. Без искуство, или судија со долгогодишно искуство како во конкретниот случај, или судија на друга област која работел.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека се преминува кон избор на судија на Основен суд Штип, за што е пријавен повторно само еден кандидат, сите процесни дејствија се вметнати од Комисијата во доставениот Извештак.
**Членот на Советот и заменик претседател м-р м-р Селим Адеми**наведе дека единствениот кандидат ги исполнува сите услови согласно со закон. Постапката е иста,.

**Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.**
Откако констатира да на расправата никој не се јави никој за збор предлогот за Избор на судија на Основенсуд Штип - на кандидатотТодор Поп Панев го стави на гласање.

Кандидатот од предлог листата Тодор Поп Панев со 13 гласа -„За" го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас. Едногласно е донесена следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВЕН**
**СУД ШТИП**

За судија на Основен суд Штип е избран:
**Тодор Поп Панев–**судија на Основен суд Свети Николе

**Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова**– својата одлука ја образложи на начин што истакна дека станува збор за долгогодишен судија избран 2010 година, со оглед на тоа е единствен кандидат.

**Членот на Советот Ханиф Зендели –** гласал ,,за" имајќи предвид дека од добиените резултати претставува долгогодишен, искусен судија.

**Членот на СоветотЗоран Герасимовски**- гласал ,,за" како што наведе бидејќи се работи за судија од помал суд но со интегритет, овој суд има потреба од судии и смета дека се работи за судија со добро познавање на работата.

**Членот на Советот Мери Радевска**– по однос на својата одлука истакна дека работел во ОС Свети Николе каде бил и претседател, судија со широки познавања и квалитети и јасни ставови за низа прашања важни за вршење на оваа фукнција. Освен тоа живее во Штип и секој ден патувал.

**Членот на Советот Лорета Горгиева**– изрази честитки, со оглед на личното познанство, со оглед на квалитетите дал допринос, успешно го водел судот, питомост и скромност, но со голем потенцијал. Професионалец и искажа дека и е драго што ваков судија ќе даде допринос за судот.

**Членот на СоветотИвица Николовски**– единствен кандидат кој ги исполнува сите пропишани законски услови, наведе дека самиот факт што живее во Штип и таму ќе ја врши судиската должност ќе има повеќе време да се посвети и да биде попродуктивен, а Судско буџетскиот совет ќе има помал трошок.

**Членот на Советот Сашко Георгиев**– својата одлука ја образложи на начин што смета дека судијата е голем пример за поголем дел во делот на посветеноста, познавањето на правото и интегритетот.

**Членот на СоветотМирсад Сурои**– по однос на својата одлука истакна дека смета дека судијата ќе даде голем допринос во овој суд.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа**– истакна дека позитивни резултати и позитивни коментари и дека и понатаму ќе продолжи во таа насока.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска –** потребата на овој суд за уште еден судија истакна дека е позната, се надоврза во делот на патните трошоци и оптоварувањето на буџетот како и на претходните колеги, по однос на бодовите исто така додаде дека се освоени максимални. А Советот при изборот да води сметка судиите да ја обавуваат нивната фукнција онаму каде што е нивното живеалиште.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска**– го дели ставот со другите колеги дека станува збор за квалитетен судија и смета дека и понатаму ќе даде допринос во својата кариера.

**Членот на Советот**, **заменик претседателот м-р Селим Адеми**– својата одлука ја засновал на тоа што бил единствен кандидат и бидејќи не постоеле причини да гласа против.

**Претседателот на ССРСМ, Весна Дамева**– искажа дека и е драго што судии од помали места се одважуваат да конкурираат во поголеми судии, бидејќи прифакаат поголем товар. Но на тој начин даваат поголем придонес за судството, а напротив да седат во суд кадешто сметаат дека нивните капацитети не се доволно искористени, а воедно се работи за квалитетен судија.
Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

## Точка 3

**Престанок на судиска функција поради исполнување услови за старосна пензија**

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** контатира дека од страна на претседателот на Основен суд Кичево доставено е барање од судија Јованка Стојаноска да се констатира престанок на судиска функција на од истоимениот суд на 31.12.2022 година, поради навршени 62 години. Со оглед да нема пречки се донесе решение.
Со оглед на тоа што никој од присутните со право на глас не се јави за збор за РАСПРАВА, констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на на судиската функција на**Јованка Стојаноска, судија на Основен суд Кичево** на 31.12.2022 година, поради исполнување на услови за старосна пензија

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

Претседателот во 13 и 25 минути даде кратка пауза.
*Седницата продолжи во 13 часот и 48 минути.

## Точка 4

Разгледување на Извештај за повторно оценување

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** по однос на оваа точка истакна да со оглед на тоа што претседател на Комисија е Мирсад Сурои, на истиот му даде збор да го образложи извештајот.

**Членот на Судскиот совет, Мирсад Сурои** во својот збор истакна дека согласно на член 97 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија Комисијата за повторно оценување на судија /претседател на суд во состав: Мирсад Сурои-претседател на Комисијата, Лорета Горгиева и м-р м-р Тања Чачарова Илиевска-членови на Комисијата формирана со одлука на Советот бр. 10-655/1 од 12.04.2022 година и измена и дополнување на одлуката под бр.10-655/2 од 12.12.2022година на ден 27.12.2022 година одржа состанок со почеток во 10,20 часот. по разгледување на предметот бр.09-8/4 оформен по приговор на Ацо Тасев судија на Основен суд Штип и предметот бр.09-4/5 оформен по приговор на Александар Шопов судија на Основен суд Велес Комисијата констатира дека Судскиот совет на РСМ по спроведеното вонредно оценување на работењето на Ацо Тасев судија на Основен суд Штип за периодот од 01.01.2019година до 31.12.2020 година, со решение бр. 09-8/1 од 10.11.2022година работењето на Ацо Тасев судија на Основен суд Штип , го оценил со позитивна оцена. Во продолжение наведе дека незадоволен од ова решение судијата поднел приговор до Советот заведен подбр. 09-4/5од 23.11.2022 година. Наводите на судијата се во однос на вонредното оценување при кое Советот не го земал предвид фактот дека во перидот од 29.04.2015 година до 29.04.2019 година ја извршувал функцијата Претседател на судот, а од 30.04.2019 година до 30.10.2019 година бил ВД претседател на судот што упатува на тоа дека цели дест месеци не работел како судија. На ден 30.10.2019 година бил распореден да постапува како судија на граѓанскиот оддел и имал ефективно работно време од 2 месеци кое треба да биде земено при оценување на неговата работа по предмети како судија. Потоа, Советот на седницата одржана на ден 06.12.2022 година го прифатил приговорот и донел решение заведено под бр.09-4/6 од 14.12.2022 година со кое приговорот поднесен од Александар Шопов се прифаќа, а во став 2 одлучи да се изврши повторно оценување на работата за периодот 01.01.2019 до 31.12.2020 година од причини што се констатира пропуст при засметување за бодовите за периодот 01.01.2019 до 29.04.2019 година кога судијата бил претседател на Основен суд Велес и за периодот од 30.04.2019 до 30.10.2019 година како ВД претседател на судот .Предвид наведеното а согласно членот 97 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Комисијата

предлага Советот да изврши повторното оценување во смисла на отстранување на констатираните пропусти .При повторното оценување на Ацо Тасев судија на Основен суд Штип да се изврши пресметување на резултатите од квантитативните и квалитативните критериуми за оценување на работата на судијата за периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2020 година , предвид работењето на судијата во периодот од 01.05.2019 до 30.04.2020 година кога судиската функција ја извршил во Основен суд Виница.При повторното оценување на Александар Шопов, судија на Основен суд Велес да се изврши пресметување на резултатите од квантитативните и квалитативните критериуми за оценување на работата на судијата за периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2020 година. Предвид да судијата во периодот од 01.01.2019 година до 30.10.2019 година ја вршел функцијата Претседател на суд, квалитативното оценување на работата за десет месеци како претседател на суд ќе биде од страна на Комисијата за увид и оцена на претседатели на основни судови од Апелационото подрачје Скопје согласно одлуката на Судскиот совет од 05.04.2022 година.

Во продолжение истакна дека ова е предлогот на Комисијата и предлада да има расправа и да се дискутира по однос на извештајот.

Претседателот на Советот, Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев**во својство на претседател на една од Комисиите за оценување и во врска со Извештајот презентиран од членот. По однос на уважените приговори го искажа неговото лично убедување дека второстепената Комисија, откако веќе првостепената Комисија донесе решение коешто поминато е на Совет и има право на жалба, односно приговор, во случајот два приговори се прифатени од судии, два се одбиени, смета дека второстепената комија во оваа фаза доколку приговорот е уважен, да го спроведе, дали преку акмис системот или со оценување од страна на судиите од повисокиот суд. Истакна дека не треба да учествува провостепената Комисија повторно. Што значи дека ако се врати на повторно оценување на првостепена Комисија, повторно ќе му се овозможи правото на жалба на судијата и застана на ставот дека практично второстепената Комисија во вакви случаеви треба да го заврши процесот, со конечно решение. Духот на законот не е во таа смисла да се врати на првостепената Комисија.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** како претседател на Комисија, смета дека Комисијата за повторно оценување не треба да врши

повторно оценување, бидејќи тоа се врши од страна на Советот. Се повика на одредбата од член 97 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија повторното оценување се врши врз основа на Извештај на комисија, а Советот ќе расправа и ќе одлучи.

Се разви дисјкЗа збор се јави членот на Советот **м-р м-р Тања Чачарова Илиевска** смета дека не е спорно дека повторното оценување треба да го врши Комисијата за повторно оценување, односно врз основа на извештајот на комисијата да се одлучи од страна на Советот. Истакна дека е децидно наведено во Законот дека има три видови на одлуки, едната е се одбива, односно не се прифаќа приговорот; се прифаќа и се враќа на првостепената комисија на повторно одлучување, како во конкретниот случај. Смета дека во случај како конкретните за кои станува збор требало да се врати на провстепената комисија, за да се достави предметот до Комисија на увид и оценка да изврши оценување за тој период и врз основа на тоа да се формира оценка. Но со оглед на тоа што тоа не се сторило, останува Комисијата за повторно оценување да го изврши истото. Во законот не е наведено дека Комисијата за повторно оценување ќе го даде предметот на Комисија на увид и оценка.

За збор се јави членот на Советот, заменик претседателот **м-р Селим Адеми** наведе дека е најбитно да се најде решение со цел да не бидат оштетени судиите, без оглед на тоа која Комисија ќе го врши истото. Пропуст има што кога нема прво оценување, се носи одлука за повторно оценување.

За збор се јави членот на Советот**Лорета Горгиева** наведе дека констатирано било дека немало грешка во бодови, туку тој цел период не бил оценет судијата, во едниот кога бил делегиран и тој период не му е земен во оценката или во другиот случај кога бил претседател и му се земени само 2 месеци. Најцелисходно е да се врати назад и да биде оценет за перидот за кој отсуствува оценувањето.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** истакна дека Извештајот е доставен согласно закон и смета дека Судскиот совет треба да донесе одлука, да задолжи било која од Комисиите да се довршат пропустите кои биле направени .

Претседателот на Советот, **Весна Дамева**се надоврза и напомена дека одлуките се веќе донесени, има решение, приговорот се прифаќа... Направен е пропуст, требало да се дооцени.

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевска** децидно укажа дека во сила веќе има решение, а законот е јасен и има три вида на одлуки и треба да се внимава.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева**решението може да претрпи исправка.

За збор се јави членот на Советот **м-р Ивица Николовски** се повика на одредбите одчл 96 ст.3 од Законот, наведено е дека судија или претседател на суд имаа право на образложен приговор на оцената која ја добиваат во рок од 8 дена од приемот на одлуката од ставот еден од истиот член. Став 4 потенцира дека Советот во рок од 7 дена од приемот на приговорот расправа по истиот и донесува одлука за одбивање или прифаќање или одлука за повторно оценување. Ако донел одлука за одбивање, значи дека незадоволниот има право на примена на ставот 5 и право на жалба до Советот за жалби. Ако Советот со примена на став 4 го прифатил приговорот, тогаш смета дека носи и одлука за повторно оценувањем а притоа формира посебна Комисија која ќе состави извештај и врз основа на тоа ќе даде предлог, а Советот ќе се произнесе и нема повеќе да има право на жалба. Во оваа Комисија наведе дека не треба да учествуваат првите.

*Седницата ја напушти накратко членот на Советот - Лорета Горгиева во период од 14:10-14:23 часот.*

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова**се изјасни дека се согласува со членот на Советот И.Николовскисо став дека законот не познава ситуација и можност да Комисијата што по прв пат го оценувала и на чијшто Извештај е изгласана од Советот оценка, повторно да врши негово оценување. Без оглед дали приговорот е поради тоа што делумно не бил оценет или бил погрешно оценет. Законот познава една ситуација кога има приговор и кога е донесено решение од Советот дека треба да се врши повторно оценување, Комисијата за повторно оценување од било која причина од која е усвоен приговорот треба да го изврши оценувањето. Ако има основан приговор од било која причина, Комисијата за повторно оценување треба да се впушти во оценување на она што не е оценето.

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевска**смета дека Законот е јасен и цитирајќи го членот 96 ст. 4 познава три видови на одлуки. Повторно оценување се врши, доколку не е во ред првото оценување, а нема во ситуацијата нема прво оценување за еден период, следува дека комисијата за повторно оценување не бара претходно процена од Комисијата за увид и оцена. Таа фаза на Комисијата за увид и оцена е прва фаза. Неможе период што не е оценет од Комисија за увид и оцена да оценува Судски совет.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** потенцира дека има недоречености во Законот. Сосем ги прифаќа двете размислувања. Изнесе дека фактичката состојба е дека донесено е решение, приговорите се прифатени и донесена е одлука да се изврши повторното оценување. Поцелисходно е како што истакна да се формира нова комисија согласно чл.97 ст.2 и на таа одлука ќе нема право на приговор/жалба.

По заклучување на дискусијата по однос на оваа точка, Советот едногласно ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Се задолжува Комисијата за увид и оцена на претседатели на основни судови на апелационо подрачје Скопје да изврши оценување на кандидат од утврдена кандидатска листа по оглас за избор на судија на Апелационен суд Скопје објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.154/21и тоа за кандидат од Основен суд Велес-Александар Шоповза периодот од 01.01.2019 година заклучно со 31.12.2020 година, вонредно оценување, поточно за периодот кога ја вршел функцијата претседател на Основен суд Велес.**

**По спроведената постапка за оценување, Комисијата за увид и оцена потребно е да достави извештај со материјалите до Комисијата за повторно оценување при Судскиот совет на РСМ, а Комисијата за повторно оценување во рок од 30 дена од приемот да спроведе повторно оценување и да достави Извештај до Советот.**

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

## Точка 5

### Расправа по предлог Деловник за изменување на Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Претседателот на Советот, Весна Дамева**ја отвори 5-тата точка од Дневниот ред. Напомена дека има забелешки во врска со предлог деловникот од страна на претседателот на Врховниот суд на Република, во својство на член на Советот по функција.Отвори расправа.

По однос на оваа точка прва за збор се јави **Мери Радевска**, член на Советот и го изнесе своето мислење дека забелешките се прифатливи. Во насока дека се конкретизира точно времето не може кога има неосновани барања да се смета дека има постапка против судија, туку само доколку се прифати барањето и се донесе одлука постапката да продолжи може да се смета дека се води постапка против судија. И по однос тоа дека зборот ,,прецизирање" не е соодветен, додаде дека тој збор е ставен со цел да се каже дека не може да бидат тоа суштествени измени, дополнување на обвинението во смисла на нови дејствија, односно барањето. Од таа причина фигурира зборот ,,прецизирање", но може да стои и зборот ,,измена". Даде свој предлог во точка 6 од чл 28 да се додаде текстот доколку за ист судија има поднесено повеќе барања за утврдување одговорност по кои постапката е во иста фаза, Комисијата на известители која прва примила барање може да одлучи поради целообразност и економичност постапката да се спои и да се води единствена постапка и Советот да донесе единствена одлука.

Во продолжение за збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевска**истакна дека има забелешка, по однос на терминологијата, односно номотехнички забелешки по однос на чл.28 став 1 – поконкретно последната решеница судијата или претседателот на судот против кого се води оваа постапка, појасни дека е потребно да се појасни подетално за која постапка станува збор. Последната реченица од ставот 1, каде се вели дека Судскиот совет го известува Здружението на судии за РСМ за датумот за одржување на седници, известувањето од Советот доставено до Здружението на судии на РСМ не е причина за одржување на седницата е беспредметна во овој став доколку се подгледне ставот 2.

Понатаму, за збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** кој укажа дека има забелешка во ставот 2 во делот каде завршува првата реченица, поточно да се прекине постапката и да се образложи посебно нема потреба.

Во текот на дискусијата за збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева**во контекст на претходно изнесеното истакна дека е пропишано да биде присутен во смисла на јавност, а не на претставникот на Здружение да му се даде можност да образложува, тоа не е предвидено во законот.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** кој даде дополнување на чл.10 ст.3, по однос на редоследот на седење на членовите во салата за време на одржување на седниците, да се додаде зборот Северна Македонија па ,,запирка'', а може да седат и членовите избрани од редот на судиите во случаите кога се пополнети местата од десната страна на претседателот на Советот.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** се согласи став 3 да се дополни со запирка во контекст на предлогот на забелешката на претходниот член.

Заменик претседателот на Советот даде предлог по однос на распоредот на седење, да се вметне во Деловникот, Советот а по потреба распоредот на седење на членовоите може да биде променет поради просторни услови.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** во контекст на забелешките од страна на претседателот на Врховен суд на РСМ со став дека не се издржани. Бидејќи смета дека со самото поднесување на барањето што е иницијален акт всушност за поведување постапка за утврдување одговорност. Така, доколку некое барање завршува со отфрлање или запирање, не може да се каже дека не постои постапка. Бидејкќи со самиот факт што при прием на барањето во Архивата кое гласи: Барање за утврдување на одговорност на.. и по кое Советот постапува, согласно законот, а формираните Комисии преземаат дејствија и активности во правец на испитување на барањето – навременоиста, целосноста и очигледната неоснованост на истото, па се носи одлука, нејзиниот став е дека не смета дека треба да се евидентира дека не била водена постапка, само бидејќи било отфрлено или постапката била запрена.

Во продолжение за збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевскакоја** додаде дека неможе иницијален акт - барање за утврување одговорост да не се смета дека е иницијален акт за започнување на постапка. Постапката започнува со иницијален акт што се доставува.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска**- доаѓањето на актот до Советот е дека има барање, но тоа не значи дека постапката за тој судија е започната, додека нема одлука за продолжување. Не може да се смета дека за судија се води постапка само со поднесување на барањето до Советот, без да има основ.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** се сложи со истото, од причина што како што спомена и на средба одржана со професор се размислувало по однос на ова илицијалниот акт е барањето, а постапката е кога веќе целата постапка отпочната. Кога ќе се донесе одлука со која е

утврдено дека постапката продолжува во тој случај се смета дека е поднесено.Во делот пак на забелешките за терминот ,,прецизирање“ смета дека друг соодветен термин не наоѓа. Не може да се направи промена со зборот ,,измена“, но мнозинството да одлучи.

Во продолжение, на прашање на член на Советот Мирјанка Радевска Стефкова во однос на објаснување на терминот ,,прецизирање“ , членот **Мери Радевска** објасни дека има случаи во текот на доказната постапка, откако е поднесено барањето додека дојде до заврши зборови се утврдуваат податоци кои во барањето се поинакви од она што произлегува од доказите, а не се од суштествено значење. Самиот подносител на барањето пред комисијата – Советот да одлучува подносителот да може да му се даде можност да ги регулира.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот во Деловникот да стои терминот ,, прецизирање“.Со 8 гласа ,,ЗА“ и 5-против предлогот беше усвоен.Предлогот по однос на кога се смета за поведена постапката, односно дека се смета за поведена со донесување одлука од страна на Советот дека постапката по барањето за утврдување одговорност продолжува се стави на гласање.

Се констатира дека со гласа 10 ,,ЗА“ и 3 гласа ,,ПРОТИВ“ предлогот беше усвоен и е донесена следната

**О Д Л У К А**

**СЕ УСВОЈУВА Деловникот за измена и дополнување на Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија**

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**

**Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд**

Претседателот на Советот Весна Дамева ја отвори 6 тата точка од Дневниот ред, на оваа точка јавноста е исклучена односно седницата е **ЗАТВОРЕНА ЗА ЈАВНОСТА,** а согласно чл.39 ст.2 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија, се констатира дека јавноста не е присутна.

## Точка 7

## Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:УПП бр. 301/22, 318/22, 393/22

Заменик претседателот на Советот,  м-р Селим Адеми му даде збор на членот на Советот Лорета Горгиева во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Членот на Советот **Лорета Горгиева** во својот збор истакна дека двете претставки ќе ги повлече УПП бр. 393/22 и УПП бр. 301/22 која е препратена од ДКСК со цел да се направат дополнителни извиди.

Во понатамошното излагање членот на Советот Лорета Горгиева ја изложи претставката УПП-318/22.

Се констатира дека претседателот на Советот се врати на седницата.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева**отвори расправа по излагањето на известителот.

За збор се јави членот на Советот,**м-р Ивица Николовски** кој наведе дека дали роковите се допуштени или не. Наведе дека граѓаните не се виновни што судот не е во можност да ги испочитува роковите. Предложи претставката да биде основана. Во насока на тоа дека не може да се пропуштени роковите а подносителот да се извести дека –претставката е неоснована, дури иако причините за одлагање биле оправдани. Со известување до подносителот дека ќе се следи работата на судијата.

Известителот по претстставката **Лорета Горгиева** истакна дека судијата која го земала предметот во работа не била во можност да го заврши предметот, бидејќи сведоците биле во странство, па поради барање податоци и оправдани причини, а не е по вина на судијата што не се испочитувани роковите, па не може да се смета дека е основана претставката.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** која истакна дека однесувањето во врска со роковите секогаш се цени при оценувањето на судиите, не може да се земе за основана преставката кога станува збор за објективни причини. Предложи како и колегата што реферира да се земе дека е неоснована, а во однос на роковите ќе се цени при оценувањето на судијата.

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевска**да и се објасни на странката дека се основани наводите по однос на законските рокови , дека има пробив но испитувајќи ја целата ситуација, судијата немал објективни можности да постапува. А со оглед на тоа дека има странки надвор од земјата, судијата имал обврска да прибави податоци и точна адреса на живеење/престојувалиште.

Откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот Лорета Горгиева по изложените претставки. По гласањето констатира дека едногласно, со 13 гласа „За" и ниту еден глас „Против" е донесена следната:

**ОДЛУКА**

ПретставкаУПП бр.08-318/22 се изразува незадоволство од постапување на Основниот суд Делчево по предмет. Според подносителот судот постапил спротивно на одредбите од ЗПП од причини што тужбата е поднесена на 09.02.2021година а до денот на поднесување на претставката се поминати една година и шест месеци и сеуште не е одржано рочиште за главна расправа.Од прибавената изјава на судијата произлегува дека предметот заведен по повод поднесена тужба на тужителот од Делчево согласно електронската распределба и годишниот распоред бил распределен во работа кај судија кој времено бил упатен да ја извршува судиската функција во овој суд. Постапувајќи по предметот судечкиот судија превземал процесни дејствија и закажал подготвително рочиште на 28.06.2021 година по што била закажана расправа на 20.09.2021 година, но бидејќи овој судија во месец август се вратил во матичниот суд расправата е одложена. На местото на судијата не е делегиран друг судија кој би постапувал по предмети од граѓанска област, а во судот постои само еден судија кој воедно е и Претседател на судот и работи предмети од кривичен, прекршочен, и итен карактер . Бидејчи се работи за предмет за нарушено владение истиот на ден 07.09.2022година одлучил предметот да биде распределен кај единствениот судија во судот. Предметот веднаш бил земан во работа и насрочен од страна на судечкиот судија. Одржано е рочиште на 28.09.2022година кое на барање на полномошникот на тужителот за вмеѓувач на страната на тужителот за кого дополнително ќе достави полномошно, а полномошникот на тужените го оправдал отсуството на тужените кои се во странство и барал одлагање заради присуство и сослушување на тужените во својство на странки. Од овие причини донел решение да ја одложи главната расправа за ден 21.11.2022 година на која одлучил да се сослушаат недојдените сведоци како и странките кои се во странство.Судскиот совет најде дека објективни се причини за постапувањето по конкретниот предмет, но предвид законските надлежности Советот наводите по однос на роковите ќе ги земе во предвид при следење и оценување на работата на судијата што постапувал по конкретниот предмет.

Заменик претседателот на Советотконстатира дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 8-та точка од Дневниот ред.

**Точка 8 -Разно**

Претседателот на Советот Весна Дамева ја отвори 8 тата точка од Дневниот ред. Истакна да по однос на состанок одржан со ЕФУСОФТ на кој присуствувале и поголем дел од членовите на ССРСМ, а во врска со измена на софтверското решение на Акмис – системот за евидентирање на укинати одлуки врз основа на суштествени повреди и неопходноста истото од 01.01.2023 година да почне со примена го предложи следниот

**З А К Л У Ч О К**

**Се известуваат претседателите на судовите во Република Северна Македонија дека е спроведена измена во софтверското решение на АКМИС-от, врз основа на член 79 ст.2 и член 80 ст.1 алинеја 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, во однос на ефективното работно време на работа на судијата како основа при пресметувањето на оцената за работа на судијата и квалитетот на работата на судијата во делот на бројот на укинати одлуки, заради сторена битна повреда на постапката во однос на вкупно решените нормирани предмети, врз основа на што од 01.01.2023 година треба да се внесуваат потребните податоци.**

Се констатира дека со гласа 13 ,,ЗА“ предлог – заколучокот беше усвоен.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека дневниот ред е исцрпен и седницата е завршена.

Тонското снимање е сотавен дел од записникот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

Изработил: м-р Сања Михајловски
Одобрил: Весна Толева